Архивски број: 0801-254/7
22.11.2021 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-254 од 01.09.2021 поднесена од Иницијатива на [redacted] – Скопје и [redacted] од Скопје за сторена дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, национална, етничка припадност и општествен статус во област на здравствена заштита, сторена од [redacted], со седиште на ул. [redacted] и д-р [redacted], вработена во [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 22.11.2021 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на раса, боја на кожа, национална, етничка припадност и општествен статус од страна на [redacted] и д-р [redacted] врз [redacted] во област на здравствена заштита.

## Образложение

На 01.09.2021 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од Иницијатива на [redacted] – Скопје и [redacted] од Скопје против [redacted], со седиште на ул. [redacted] и д-р [redacted], вработена во [redacted] за сторена дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, национална, етничка припадност и општествен статус во област на здравствена заштита.

Поднесената претставка не ги содржеше сите битни елементи пропишани во член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, па согласно член 24, став 2 од истиот закон Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 09.09.2021 достави барање за доуредување до подносителите на претставката.

На 29.09.2021 подносителите до Комисијата доставија уредена претставка, која ги содржеше сите битни елементи согласно член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, па од овој момент почнаа да течат законските рокови за постапување на Комисијата по претставката.

Согласно наводите на подносителите од претставката, на 16.07.2021 [redacted] заедно со својот сопруг и две деца се обратила во [redacted] за лекарски преглед на децата. Едното од децата има матичен општ лекар во [redacted], а другото се уште не било впишано во системот на матична евиденција, па согласно тоа немало здравствено осигурување. Подносителите наведуваат дека [redacted] влегла со двете деца на прегледот и побарала преглед и за детето кое нема здравствено осигурување. На тоа и било одговорено дека прегледот ќе мора да се наплати во износ од 300 денари, бидејќи детето нема здравствено осигурување, на што [redacted] се согласила и побарала целосен и добар преглед. Согласно наводите на подносителите, на ваквото барање на [redacted] докторката која требала да го прегледа детето изреволтирано изреагирала, одбила да го прегледа детето и се обидувала да ја избрка подносителката од ординацијата. На ваквата реакција на докторката, [redacted] фрлила дезинфекционо средство, при што во ординацијата влегла д-р [redacted], која согласно наводите на подносителите, силно ја зграпчила [redacted] за раката, нанесувајќи и видливи траги. Докторите и [redacted] останале заклучени во ординацијата, каде согласно тврдењата на подносителите, [redacted] била држена за рака и навредувана, а истото го прекинал нејзиниот сопруг кој ја слушнал вревата во ординацијата и инсистирал да влезе внатре. Во истиот момент докторите од [redacted] повикале обезбедување, а по пристигањето на

обезбедувањето [redacted] ја напуштила ординацијата. Ваквиот настан бил пријавен во полиција од страна на вработените на [redacted], а [redacted] заедно со својот сопруг и деца се упатила кон Клиниката за детски болести за да добие предглед за своето неосигурано дете.

За поткрепување на ваквите тврдења подносителите доставија Извештај од извршен преглед на лицето [redacted], копии од фискални сметки за извршениот преглед, доказ за поднесено барање за упис во матична книга на родените за лицето [redacted], доказ за бременост на [redacted], изјава од сведок [redacted] за настанот, фотографии од настанот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителите веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалните дискриминатори. На 04.10.2021, Комисијата согласно член 24, став 7 и член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави известување до [redacted] и д-р [redacted], со барање за писмено произнесување по наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето. Видно од поштенскиот извештај за врачување, потенцијалните дискриминатори барањето за произнесување го примиле на 22.10.2021.

На 27.10.2021 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката од страна на [redacted] и д-р. [redacted] Во поднесокот се наведува дека наводите од претставката се невистинити и неосновани. Согласно тврдењата од поднесокот за произнесување, [redacted] и д-р. [redacted] ја информираа Комисијата дека на 16.07.2021 подносителката [redacted] ја донела својата ќерка [redacted] на преглед во просториите на ПЗУ, каде истата е заведена како матичен пациент со здравствен картон бр. [redacted] и каде и е извршен преглед од страна на д-р [redacted]. Извршениот преглед е уредно заведен во здравствениот картон на пациентката, медицинскиот дневник и електронскиот дневник на Мој Термин. После извршениот преглед на ќерката на подносителката и е ординирана терапија. Согласно наводите од поднесокот за произнесување, подносителката побарала ист таков преглед за своето друго дете, [redacted], кое не е заведено како матичен пациент во [redacted], ниту пак има било каква документација. Со цел да се ослободи од трошоци, подносителката од [redacted] била упатена во Клиниката за детски болести. По ваквото упатување, согласно тврдењата во поднесокот за произнесување, подносителката почнала вербално да ги навредува вработените, по што од картотеката излегла д-р [redacted] која се обидела да ја смири подносителката, но била физички нападната од подносителката, по што било повикано обезбедување и полиција.

Во поднесокот се наведува дека во конкретниот случај не може да стане збор за дискриминација врз наведените основи од претставката заради тоа што едното дете на подносителката не било прегледано, од едноставна причина што другото дете, кое има здравствено осигурување и е заведено како матичен пациент било уредно прегледано од страна на д-р. [redacted]. Во продолжение на поднесокот [redacted] и д-р [redacted] ја информираат Комисијата дека [redacted] има регистрирано околу 15.000 матични пациенти на општа медицина и стоматологија од кои повеќето се од ромска етничка припадност, а дополнително во самата здравствена установа се вработени 30 лица меѓу кои има лица од македонска, ромска, албанска, бошњачка, влашка и српска етничка припадност, а во минатото имало вработени лица и од турска и хрватска етничка припадност. Дополнително, во поднесокот се наведува дека [redacted] има соработка со повеќе граѓански организации, здравствени соработници, здравствени медијатори и училишта во контекст на здравствена и професионална едукација, како резултат на што во соработка со граѓанската организација ХЕРА во рамки на проектот "Менување на негативните наративи за Ромите во здравствените установи" во 2018 година изготвиле авторски прирачник наменет за здравствени работници кои работат со Роми и одржале повеќе едукации и предавања

со цел подобрување на соработката и комуникацијата меѓу лекарите и пациентите преку унапредена културолошка сензибилизација.

Во прилог на поднесокот доставени се копии од извршен инспекциски надзор од ДСЗИ бр. 09-9982 од 16.08.2021; потврда за пријавен инцидент од МВР, ПО Шуто Оризари; изјави од присутниот медицински персонал за време на предметниот настан – д-р. [redacted], д-р. [redacted] и медицинска сестра [redacted], дадени пред ДСЗИ на 16.08.2021; Протокол за постапување на матични лекари за тестирање и лекување пациенти со КОВИД-19; Насоки за време на епидемија на КОВИД-19 според тип на установи, персонал и вид на активност; Прирачник за здравствени работници за развивање комуникациски вештини за обезбедување поквалитетни здравствени услуги во ромската заедница и потврда за реализирана пракса како општ лекар во ноќна смена во Поликлиника Шуто Оризари од д-р. [redacted].

По разгледувањето на наводите од претставката, доказите кон претставката, поднесокот за произнесување на потенцијалните дискриминатори, доказите кон поднесокот за произнесување и важечката законска регулатива, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следнава фактичка состојба:

- На 16.07.2021 подносителката на претставката [redacted] во просториите на [redacted] побарала преглед на нејзините деца [redacted] која има здравствено осигурување и е матична пациентка во [redacted] и [redacted] кој во тој момент немал здравствено осигурување и не бил матичен пациент во [redacted]. Докторката [redacted] ѝ извршила преглед и ѝ ординирала терапија на [redacted], но не му извршила преглед на [redacted], кој немал здравствено осигурување, туку го упатила во Клиниката за детски болести, со цел неговите родители да не сносат трошоци, иако подносителката [redacted] се согласила приватно да го плати прегледот.
- По одбивањето да се изврши преглед врз [redacted] настанала расправија помеѓу подносителката и докторката [redacted], во која подносителката фрлила дезинфекциско средство, по што во ординацијата влегла д-р [redacted] со цел да ја смири расправијата. За овој инцидент била повикана полицијата која направила записник на лице место.
- [redacted] го однела својот син [redacted] на преглед во Клиниката за детски болести, каде и е наплатен прегледот затоа што [redacted] немал здравствено осигурување.

Одбивањето на обезбедување здравствени услуги од општ матичен лекар во примарна здравствена заштита само по себе може да претставува прекршување на права уредени со Законот за заштита на правата на пациентите, Законот за задолжително здравствено осигурување и Законот за здравствена заштита.

Но, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема законски надлежности и мандат да одлучува за прекршување на здравствени права, освен кога тие се корелација и се направени врз одредена дискриминаторска основа од членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Дискриминација согласно цитираниот закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Тоа значи дека за повреда на одредено право да може да се смета за дискриминација, истото мора да биде направено врз одредена дискриминаторска основа.

Во конкретниот случај подносителите тврдат дека пријавената повреда на право - одбивањето на д-р. [redacted] да изврши преглед врз [redacted] – е направена заради неговата раса, боја

на кожа, национална, етничка припадност и општествен статус. Но, освен тоа што подносителите во претставката не наведуваат компаратор врз основа на кој би можел да се спореди третманот и да се види различниот третман врз [redacted] vis a vis наведените основи во претставката, од претставката и поднесокот за произнесување кон претставката неспорно произлегува дека д-р. [redacted] извршила преглед врз [redacted], сестра на [redacted] и лице со исти заштитни карактеристики (раса, боја на кожа, национална, етничка припадност и општествен статус) како и [redacted] Ваквите тврдења ги потврдуваат изјавите на д-р. [redacted], и медицинската сестра [redacted], кои биле присутни во ординацијата за време на пријавениот настан, како и записникот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат бр. 09-9982 од 16.08.2021, за извршен инспекциски надзор за пријавениот настан. Комисијата ја разгледа и изјавата од сведокот [redacted], која беше дадена во прилог на претставката од подносителите. Од самата изјава, од претставката на подносителите и од поднесокот за произнесување неспорно е дека во моментот на прегледот на [redacted] и одбивањето на прегледот во ординацијата на [redacted] биле присутни [redacted], д-р. [redacted], медицинската сестра [redacted] и подоцна д-р. [redacted], што значи дека сведокот [redacted] не можела директно и непосредно да го посведочи настанот и однесувањето во ординацијата.

Од ова произлегува дека различниот третман врз две лица со иста раса, боја на кожа, национална, етничка припадност и општествен статус не е направено врз основа на наведените основи во претставката на подносителите, ниту пак врз било која основа од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Следствено на тоа, пријавената повреда не може да се смета за дискриминација согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, туку може да претставува повреда на право од здравствена заштита per se. За ова Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги упатува подносителите да иницираат постапка пред Народниот Правобранител и пред Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Во однос на наводите на подносителите и доставените фотографии за физички напад на д-р [redacted] врз [redacted], како и тврдењата на д-р. [redacted] и доставените изјави за физички напад на [redacted] врз [redacted], ги информираме двете страни дека ова е предмет на кривично правна материја, нешто што не спаѓа во законските надлежности и во мандатот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. За ова Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги упатува двете страни случајот да го пријават во Министерството за внатрешни работи и/или Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид елаборираното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ценеше дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, национална, етничка припадност и општествен статус и одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:
- Иницијатива на [redacted] – Скопје, ул. [redacted] 1000 Скопје
- [redacted], ул. [redacted] 1000 Скопје
- [redacted], ул. [redacted] Скопје
- Д-р. [redacted] ул. [redacted] Скопје